Почитувани претставници на институциите, судии и обвинители,
Почитувани екселенции,
Почитувани,
Почитувани експерти и копретседавач,

Драги гости.

Имам особена чест да го најавам одржувањето на 14 сесија на Работната група 4, Правда, слобода и безбедност – Поглавје 24 од Националната конвенција за Европската унија во Република Северна Македонија.

Ви благодарам што ја прифативте поканата да бидете дел од оваа сесија придонесувајќи кон дијалогот за прашањата од исклучително значење за реформските процеси во Државава, но и за преговарачкиот процес за членство во Европската Унија.

Како дел од петте поглавја на кластер 1, Поглавјето 24 има посебна улога во градењето на правната држава. Силното инсистирање за владеењето на правото во ЕУ, посебно потенцирано во преговарачката рамка, е со цел да биде сфатена и прифатена неговата улога, а ова посебно се однесува на политичките елити, односно владите кои треба да ги почитуваат законите.

Поглавјето 24 е значајно бидејќи станува збор за област од која произлегува државниот суверенитет и врз која почиваат темелите за функционирање на институциите и заштитата на јавните интереси. Секој напредок и ефикасно спроведување на правото во оваа област значи подобрување на личната и колективната безбедност, создавање здрави релации во општеството кои влијаат на благосостојбата, и основа на која се гради претставата за земјата пред европската и меѓународната заедница.

Работната група 4 (Правда, слобода и безбедност), е активна во НКЕУ-МК повеќе од шест години и таа има свој придонес во афирмацијата на европските политики од доменот на безбедноста. Оваа работна група

одржа 13 сесии, на кои беа дискутирани следните прашања: заеднички правила во областа на граничната контрола, миграции и азил, внатрешни механизми на контрола на полициското работење, борба против организираниот криминал и против тероризмот, финансиски истраги и перење пари, соработка во областа на сузбивање на трговијата со луѓе, заштита на критичната инфраструктура и други прашања.

Методологијата на дијалог на НКЕУ-МК овозможи да се изразат различни мислења во однос на овие прашања, да се поттикнат експертски анализи и да се усвојат препораки за јакнење на националните капацитети и приближување кон европските стандарди. Кога станува збор за препораките би сакала да истакнам дека се забележува една цела бура на препораки кои доаѓаат од различни страни (ЕУ, меѓународни организации, граѓански здруженија и други). Многу од нив се повторуваат што покажува дека процесот на реформи е бавен и дека носителите на одлуки стануваат не осетливи, дури и за препораките од ЕУ. Ова, особено се однесува за препораките поврзани со спречувањето и борбата против корупцијата.

Оваа работна група имаше стабилна структура на учесници од сите засегнати страни каде беше забележителна исклучителна посветеност на МВР. Изненадуваше отвореноста на МВР за соработка со Конвенцијата и со другите граѓански здруженија и верувам дека оваа соработка ќе продолжи понатаму.

Сигурна сум дека темата за дискусија за оваа сесија, избрана од Програмскиот совет ќе поттикне интерес кај учесниците и дека ќе произлезат од дискусијата аргументирани заклучоци и конкретни препораки кои можат да се спроведат во нашата средина т.е. препораки одмерени на условите.

Професионалноста и интегритетот на полицијата се исклучително значајни во полициското работење, особено во современите општествени услови на примена на информатички технологии, виртуелните комуникации и трансакции, глобалната поврзаност,

миграциите, зголемените закани од тероризам, организиран криминал и други закани во кои учествува толпа. Заканите од ваков вид значително го зголемија милитаристичкиот аспект на полицијата. Меѓутоа, во рамките на Европската унија забележливи се силни инцијативи за одмерена употреба на моќ од страна на полицијата бидејќи таа поседува монопол на употреба на сила.

Исто така, големи се залагањата и за развој на алатки за примена на концептот за вклучување на сите засегнати страни во јакнење на безбедносниот систем, како и во доследната примена на етичкиот кодекс кој ќе обезбеди услови за заштита на фундаменталните права и вредности. Не треба да се заборави дека меѓу виталните задачи на полицијата е да ги заштити јавните ресурси од различни злоупотреби, но пред се од корупцијата и организираниот криминал кои вршат целосна ерозија на вредностите.

Не навлегувајќи подлабоко во темата убедена сум дека ќе се следи аргументиран дијалог на сите засегнати страни овде присутни.

Благодарност до ко-претседавачите и до експертскиот тим на Конвенцијата (чии имиња се во агендата) како и за нивната посветеност во подготовките на сесијата.

Посакувам успешна сесија